Следењето и вреднувањето на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар се изведува индивидуално, групно, колективно во зависност од воспитно-образовната активност што треба да биде следена. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (евидентни листи за следење на квалитетот и работата на воспитно образовниот кадар, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

Секој стручен соработник има изработено инструмент за посета на наставните часови во зависност од аспектот на следење.

- Во однос на овој дел посетета се изведува во насока на:
- Разговор со наставникот пред посетата на наставниот час
- Посета на наставниот час

Од страна на психологот на училиштето направена е анализа за следењето за реализираните следени часови и дадени се препораки за понатамошно постапување.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Според планираното, на крајот од учебната 2020/2021 година беше усвоен Извештајот за самоевалуација на училиштето за периодот 2019-2021 година. На почетокот од оваа учебна година беше формирана нова комисија за спроведување на самоевалуација на училиштето за периодот 2021-2023 година. По формирањето, Комисијата започна со планирање и реализација на предвидените активности во рамките на подготвителната фаза за спроведување на самоевалуацијата и тоа: определување на методите, техниките и инструментите за самоевалуација и обезбедување на документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата притоа користејќи ги материјалите од претходната самоевалуација со цел да се направат потребните споредби. Беа одржани работни состаноци со членовите на работните

тимови по подрачја со цел да се дадат потребните насоки за спроведување на самоевалуацијата, како и отпочнување на фазата на реализација во којашто е предвидено да се врши анализа на податоците и документацијата, да се прибираат податоци преку анкети, прашалници, интервјуа, да се уредуваат добиените наоди, да се подготвуваат поединечни извештаи и заеднички нацрт-извештај за спроведената самоевалуација и сл. Тековно беа започнати планираните активности по подрачја, според зададените насоки и упатства дадени од комисијата.
Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Резултатите од самоевалуацијата се земаат предвид при изготвување на планот за развој на училиштето со цел да се обезбеди квалитет на наставата.

Членови на комисијата за самоевалуација на училиштето за периодот 2021-2023 година се:

1. Благица Ангеловска-стручен соработник/предметен наставник
2. Емица Здравев-предметен наставник
3. Жаклина Колевска-предметен наставник
4. Вангелина Мојаноска - одделенски наставник
5. Сашо Стевановски-родител

Работни тимови по подрачја:

Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето
Емилија Сарафиловска- одделенски наставник, Игор Боризовски - одделенски наставник, Кристина Башовска- одделенски наставник, Светлана Јосифовска - одделенски наставник,Данче Димовска - одделенски наставник, Зорица Божинов - одделенски наставник

Подрачје 2: Постигнување на учениците
Слободан Стаматовски - предметен наставник, Мирослава Павлова Аневска - предметен наставник,Гордана Камческа Ѓоревска- одделенски наставник,Наташа Димовска - предметен наставник

Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници , воспитувачи и раководен кадар
Александар Пејковска - одделенски наставник, Даниела Давковска - предметен наставник, Донка Митева - предметен наставник, Далибор Савески - предметен наставник

Подрачје 4: Управување и раководење
Елена Гашевска - одделеснки наставник, Петар Ацески - предметен наставник,Сања Стојановска Дамјановиќ - одделенски наставник

Подрачје 5: Комуникација и односи со јавност
Златика Јолеска Даскалов -предметен наставник, Маја Стојановска - предметен наставник,Оливера Доновски- одделенски наставник

Подрачје 6: Училишна клима и култура
Мимоза Илиевска - предметен наставник,Теодора Јовановска -предметен наставник, Јасмина Илиевска - предметен наставник

Подрачје 7: Соработка со родители и локална средина
Елена Кузманова - предметен наставник, Весна Јорданова - предметен наставник, Ане Аврамовска - предметен наставник, Екатерина Геговска - одделенски наставник, Марјан Куцулоски - предметен наставник

17. Безбедност во училиштето

Во училиштето има „План и програма за заштита и спасување при случај на елементарни непогоди”. Училиштето располага со противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба. Училиштето поседува и дефибрилатор. Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изработено план за движење при евакуација кој е истакнат на видни места.За заштита и безбедност на просториите во училиштето има план за дежурства на наставници и техничка служба за време на часовите.Поставени се видео камери низ училиштето. За време на работните денови во училиштето има физичко обезбедување и платен чувар во ноќниот период, а по потреба се бара и полициско патролирање во училиштето.

Оваа учебна година според протоколите од МЗ и МОН на сите влезови во училиштето е изготвено редарство од страна на наставниците и стручните соработници и тие секојдневно при влезот на учениците и наставниците им ја мерат телесна температура и ги дезинфицираат рацете. Редовно се проветруваат училниците и се пребришуваат со средстава за дезинфекција подовите и клупите. Овие протоколи важеа се додека важеа мерките за и протоколите за пандемијата од страна на МОН и МЗ.

Во рамките на училиштето се организираше обука за прва помош и заштита за наставници кои се во Тимот за прва помош. Исто така изготвен е и правилник за давање на прва помош при незгоди. Наставниците кои се ново вработени и кои не ја имаа поминато обуката за Заштита и безбедност на работно место, ја проследија истата.Обуката беше организирана од Дирекцијата за заштита и спасување,а присутните наставници и стручни соработници се стекнаа со сертификати.

Оваа учебна година се изгласа и стави како дел од Статутот на училиштето **ПРОТОКОЛ ЗА ПОСТАПКА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА УЧЕНИК ЖРТВА НА КОЈА БИЛО ОД ФОРМИТЕ НА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ** според кој и се постапува.

18. Грижа за здравјето

Целта на наведената дејност на училиштето е да ги оспособи учениците и вработените во училиштето да превземаат активности за поздрав живот во училиштето и средината. За реализација на дел од наведените активности училиштето соработуваше со Медицински центар за организација и реализација на систематските прегледи за учениците, со Заводот за здравствена заштита и со Црвениот крст. Здравствената едукација на учениците се остваруваше и во текот на редовната настава по предметите физичко и здравствено образование, природни науки, биологија, екологија, образование за животни вештини и преку интегрирање на наставните содржини преку програмата Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на РСМ.

18.1. Хигиена во училиштето

Техничкиот персонал се грижи за одржување на хигиената на санитарните чворови, училници и другиот простор во училиштето. Наставниците во соработка со родителите водеа грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена. Во текот на учебната година се водеше особена грижа за усвојување и почитување на препораките и мерките за заштита од Ковид 19. Училиштето преку различни акции, предавања, работилници во текот на учебната година ја поттикнуваше свеста кај учениците за одржување на хигиената. Одделенските раководители во својата паралелка превентивно работеа и реагираат во ситуации кога е намалена хигиената. Училиштето континуирано обезбедуваше средства за чистење и дезинфекција на училишните простории. По потреба училиштето соработуваше со службите за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

18.2. Систематски преглед

Во текот на учебната година се организираше санитарен и систематски преглед за сите вработени. Систематскиот преглед за вработените се реализираше во соработка со ПЗУ поликлиника Тоспаш, а санитарниот преглед во соработка со Центарот за

јавно здравје-Скопје. Редовни систематски прегледи се реализираа за учениците според планот на Поликлиника Јане Сандански со која и оваа година продолжи соработката.

Од страна на стоматолошката амбуланта во Поликлиниката Јане Сандански се изршија редовни стоматолошки прегледи на забите на учениците од III , VI и VII одделение.

18.3. Вакцинирање

Редовно генерациско вакцинирање и ревакцинирање на учениците од I до IX одделение се врши според распоредот за имунизација од Заводот за јавно здравје-Скопје, во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одделение, а за учениците од VI до IX одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. Во првото полугодие од учебната 2021/2022 година за учениците од II одделение се изврши ревакцина DT полио (дифтерија, тетанус) како и за учениците од IX одделение беше извршено ревакцинирње за детска парализа, дифтерија и тетанус.

18.4. Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето реализираше едукативни предавања и настани за здрава храна. Целта е, едукација на учениците за подигнување на свеста за консумирање здрава храна и формирање на навики за правилен развој. Наставниците во своите планирања интегрираа содржини за здрава храна и ги реализираа на одделенските часови, редовните часови и воннаставните активности.

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред на

училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

Наставниците беа задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите во ходниците, санитарните јазли и во училишниот двор. Според распоредот задолжените одговорни наставници водеа евиденција за тековните збиднувања за дисциплината за време на одморите. Во насока на континуирано унапредување на училишната клима и дисциплината на училиштето ќе се продолжи со едукација на вработените за асертивно однесување, тимска соработка и ненасилно разрешување на конфликти.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се развиваше одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето и естетскиот амбиент на просторот (училниците) во кои се поминува голем дел од денот.

Преку реализацијата на општествено корисната работа кај учениците се негуваше позитивниот однос кон работата. Во текот на учебната година одговорните наставници и сите членови вклучени во воспитно-образовниот процес, учествуваа во активностите според програмата дадена од одговорните на тимот, а во која се посочени активности за разубавувавање и уредување на училиштето. Целта е да постигне позитивна клима, подобра и поквалитетна работа во училиштето.

Правилник за однесување на вработените

ОСНОВНИ ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕНА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНОИОТ КАДАР ВО УЧИЛИШТЕТО

ЦЕЛТА НА ОВИЕ ПРАВИЛА Е ДА СЕ ПОСТИГНЕ ПОЗИТИВНА КЛИМА ЗА ПОДОБРА И ПОКВАЛИТЕТНА РАБОТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Воспитно – образовниот кадар треба да се насочува кон:

- перманентно подобрување на сопствената работа и работната средина
- професионален однос
- конструктивно справување со конфликти
- почитување на индивидуалните разлики и мислења
- одржување на работната етика
- позитивна коректна комуникација (вербална и невербална)
- практикување на тимската работа

- својата позиција да не се користи за лични интереси
- соодветен професионален естетски изглед и однесување

Воспитно – образовниот кадар во комуникацијата со учениците треба да:

- ја почитува личноста на ученикот
- воспоставува отворена, искрена и јасна комуникација
- го сослушува и почитува мислењето на ученикот
- биде чувствителен за потребите на учениците согласно со нивната возраст
- биде објективен, одговорен и коректен во педагошката комуникација со учениците
- се грижи за безбедноста, менталното и физичкото здравје на учениците
- ја следи перманентно активноста, развојот и постигнувањата на учениците

Воспитно – образовниот кадар треба да воспостави партнерски однос со родителите преку:

- коректна педагошка комуникација
- посветување време, сослушување, доверливост, флексибилност, објективност и толерантност
- навремено објективно информирање за постигнувањата и однесувањето на ученикот
- подготвеност за заедничко решавање на проблемите на учениците
- дискреција и ненавлегување во приватноста на семејствата на учениците
- градење на авторитет и углед надвор од училиштето

Кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии

1. Навремено доаѓање на закажаното место за тргнување
2. Културно и пристојно однесување за време на патувањето во автобусот (остатоците и кесите од храна да се фрлаат на определеното место за отпад, да не се пеат песни со навредливи содржини по основа на верска или национална припадност).
3. За време на посетите на знаменитостите да се почитува редот, а дисциплината да е на највисоко ниво
4. При разгледувањето и прошетките на градовите да нама одвојување од групата
5. При сместувањето во хотелските капацитети да се негува другарството, и да се почитуваат редот и мирот на другите гости во хотелот.
6. За време на престојот во хотелот треба да се чува инвентарот (секоја ненамено или намерно направена штета се наплатува од сторителот).
7. Да се почитува планот на предвидените дневни активности, а по нивното завршување, да се почитува времето за одмор (одморот започнува најдоцна од 24 часот).
8. За време на екскурзијата се забранува пушење цигари, внесување алкохолни пијалоци и др. опијати.

Кодекс за однесување на родителите

1. Почитувај го куќниот ред на училиштето
2. Редовно информирајте се за постигнатиот успех и поведение на вашето дете
3. Редовно исполнувајте ги обврските што ги имате кон училиштето (материјални обврски,оправдување на отсуства од часовите на учениците,консултации со наставниците и сл)
4. Задолжително присуствувајте на родителските средби во училиштето
5. Имајте на ум дека Вашите постапки се пример за однесување на Вашето дете
6. Училиштето е воспитно-образовна институција во која се влегува со пристојна облека

19.3. Односи меѓу сите структури во училиштето

Тимот за односи меѓу сите структури (в-д. директор Магдалена Петреска, Силвана Давчевска-секретар, Сашо Стевановски–совет на родители, Иванка Николова–социолог, Вангелина Мојаноска–одделенски наставник, Давид Стојчевски–училишен парламент) преку континуирана соработка и состаноци со сите структури вршеше размена на идеи и работи на разрешување на проблеми. Останатите субјекти (ученици, родители) постојано се консултираат преку состаноци, усни и писмени известувања, а нивните мислења доколку се во согласност со политиката на училиштето, законот за основно образование и интерните правилници, секогаш се почитуваа. За сите тековни активности сите заинтересирани субјекти (наставници, родители, ученици) благовремено се информираа. Училиштето тековно даваше поддршка за унапредување на здравјето, внимаваше на индивидуалните потреби и способности на учениците. За децата со посебни образовни потреби, се вклучуваше дефектолог, кој работеше со тие ученици. Стручната служба преку различни методи на работа вршеше советувања на родители, чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на несредени семејни односи, согласно нивните индивидуални потреби.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Професионалниот развој на наставниците овозможува во нивните училници да се постигне следното:

- Развивање на сопствените знаења и вештини активно и искуствено (емпириски), во различни околини за учење како индивидуално така и колаборативно

- Вклучување на различни стратегии за учење кои вклучуваат директно поучување,дедуктивно заклучување (дедукција), дискусии, индукција и споделување
- Стремење кон вештините за размислување од повисок ред
- Обезбедување на автентична околина за учење за да можат наставниците да се вклучат во конкретни задачи со реални сценарија
- Нагласување на начините на кои технологијата може да го фасилитира - олеснува и засили професионалниот живот на наставниците
- Охрабрување на наставниците да бидат ментори, тутори и водачи на процесот на учење на учениците (наместо едноставно да бидат презентери на знаење и информации)
- Развивање на вештините на наставниците за учењето како да се учи – learning how to learn (дефинирање на цели на учењето, планирање и евалуација на стратегиите на учење, го набљудуваат напредокот и ги прават исправките ако е потребно)
- Промовираат колаборативно и кооперативно учење
- Развивање сензитивност (осетливост) за различностите на наставниците како ученици, користејќи повеќе апстрактен пристап како одговор на различните стилови на учење, можностите, опкружувањето и почетните позиции
- Овозможува учење независно од времето и местото.
  Во текот на оваа учебна година наставниот кадар професионално и кариерно се усовршуваше и надоградуваше во своите професионални знаења и компетенции на многу начини кои што се веќе погоре набројани.

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Согледувајќи ја националната програма за развој на образованието, последната направена самоевалуација и насоките на МОН и основачот неминовно ги наметнуваа потребите самите наставници да се свртат еден кон друг, како непосредна помош за сопствен и колегијален развој. Секој наставник преку сопствениот актив непосредно ги изнесуваше личните потреби за професионален развој кои потоа по хоризонтала и вертикала се проследуваа. Континуираното образование, односно усовршување на наставникот има свое посебно значење. Потребата на нашето време, изразена во ставот постојано да се учи, односно да се учи во текот на целиот живот е од особена важност токму за наставничката професија. Исто така, училиштето редовно ги упатуваше наставниците и стручните соработници да ги посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Педагогот водеше професионално досие за секој наставник. Редовно се вршеа

дисеминации на обуките и семинарите со кои се запознаваат и едуцираат и наставниците кои не биле на обуката или семинарот.

20.2. Активности за професионален развој

Според Законот за наставници, наставниците во основното и средното училиште во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Од спроведената анкета, наставниците имаа потреба од обуки за Насоки за подготвување на ИОП, насоки за изготвување правилна педагошка евиденција и документација, насоки за изготвување на програма за нов развоен план на училиштето, помош и насоки за работа со ученици со потешкотии во учењето:-дислексија, дисграфија, дискалулија и сл. За таа цел во училиштето:

✔Изработени се акциони планови за сите облици на професионален развој

- Обуки од секаков облик
- Семинари (во училиштето и надвор од него)
- Работилници на најразлични теми поттикнати од потребите на наставниците заради одредени констатирани пропусти

✔Направена е задолжителна дисеминација.

20.3. Личен професионален развој

Личниот професионален развој на наставникот се следеше преку професионалното досие и годишните извештаи за реализација на Личниот план за професионален развој на наставникот и се развиваше преку следење на семинари и обуки организирани од МОН и БРО, како и од дисеминации организирани од училиштето.Секој наставник беше задолжен за водење на сопствено професионално досие за чија контрола задолжени се директорот, стручните соработници, инспекторите од ДПИ, општинскиот просветен инспектор. Секој наставник треба да е мотивиран за постојано посетување на разни семинари, обуки, конференции, регионални средби заради стекнување на нови искуства, сертификати.

20.4. Хоризонтално учење

Размената на искуства, стекнатите знаења и методите, формите и техниките за реализација на наставата се вршеше преку состаноци на ниво на стручни активи, работилници со сите наставници и отворени часови и нагледни часови. Воедно

сите дисиминации од посетените обуки, семинари, конфереции и сл. допринесуваа во споделувањето на стекнатото знаење и вештини.

20.5. Кариерен развој на образовниот кадар

Во училиштето се поддржува професионалниот и кариерниот развој на наставниците, затоа што тоа придонесува за развој и напредок на целото училиште.

Процесот на кариерен развој на наставниците, се одвива во три дела: приправнички период, период кога наставникот/стручниот соработник работи самостојно и период каде што се напредува во звање наставик/стручен соработник-ментор и наставник/стручен соработник-советник. Воспитно-образовниот кадар во училиштето е запознаен со:

1. Основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставникот
2. Професионалните стандарди за наставник-ментор
3. Професионалните стандарди за наставник-советник

20.6. Обуки за професионален развој

Од добиените податоци голем дел од наставниот кадар и стручните соработници во текот на учебната година ги посетуваа следниве интерни и надворешни обуки/работилници/семинари/конференции:

Наслов на интерната обуката/работилницата/семинар
Превртена училница - концепт, стратегии и потребни ресурси за спроведување
Онлајн дисеминација од job-shadowing активност во Бариеро, Португалија во училиштето-домаќин Santo André Schools
Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени
„Поинакво образование во училницата во природа“
Како да се воведат целите за одржлив развој во наставата - практични примери и активности

Оценување за време на хибридна настава - креирање рубрики како дел од формативното оценување
Креирање на интерактивни ресурси за хибридна и асинхрона настава за предучилишно и основно образование
Како да се воведат целите за одржлив развој во наставата - практични примери и активности
Дизајнерско размислување како наставен метод за ученици од основно и предучилишно образование
„Поинакво образование во училницата во природа“
Креативно учење преку игра за предучилишно и основно образование
„Градиме нови мостови - размислувај надвор од кутијата“.
Мултидисциплинарна интеграција низ пример од предметот историја и општество
Microbit - основен курс
Подобрување на дигиталните вештини на наставникот преку учење на нови ИКТ алатки
„Зајакнување на капацитетите за превенција и справување со насилство во училиште“
Онлајн дисеминација од job-shadowing активност во Бариеро, Португалија во училиштето-домаќин Santo André Schools Group (AESA)
Десиминација од одржаната краткорочна размена на група ученици во рамките на Еразмус+ КА229 проектот „Поинакво образование во училницата во природа“
Превртена училница-концепт ,стратегии и потребни ресурси за спроведување
Оценување за време на хибридна настава-креирање рубрики како дел од формативното оценување

Креирање на интерактивни ресурси за хибридна и асинхрона настава за предучилишно и основно образование
Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени
Креативно учење преку игра за предучилишно и основно образование
Училишна клима и курикулум-градење на училишна клима и култура +сесија за развој и воведување на слободните изборни предмети и воннаставни активности
Мултидисциплинарна интеграција низ пример од предметот историја и општеството
Превенција на осипување на учениците од образовниот процес
Оценување за време на хибридна настава - креирање рубрики како дел од формартивното оценување
Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени
Обука за изготвување на личен план за професионален развој на наставници и стручни соработници
Обука за заштита на работа при повреди и незгоди
Религијата во образованието - Зошто е важно?
Како до побезбедни училишта
Job-shadowing mobility
Професионален развој и стручно усовршување на тандем наставниците
Како да се воведат Целите за одржлив развој во наставата - практични примери и активности
Дисхармоничен развој кај децата и основи на психомоторна реедукација

Дисеминација на активностите како дел од краткорочните размени во Латвија во рамките на Еразмус + КА229проектот „Креативни читатели“
Дисеминација на активностите од првата и втората ученичка размена во рамките на Еразмус+ КА229 проектот „Млади новинари денес – одговорни дигитални граѓани утре“. Првата ученичка размена беше реализирана во периодот од 21-25.03.2022 година на која училиште-домаќин беше ОШ „Доситеј Обрадовиќ“ од Чичевац, Србија. Втората ученичка размена беше реализирана во прериодот од 11-15.04.2022 година на која училиште-домаќин беше нашето училиште.
Дисеминација на активностите од третата ученичка размена во рамките на Еразмус+ КА229 проектот „Млади новинари денес – одговорни дигитални граѓани утре“ на која училиште-домаќин беше „Mihai Eminescu“ од Александрија, Романија
Дисеминација на активностите реализирани на мобилноста во Естонија во рамките на проектот "Поинакво образование во училницата во природа"
Дисеминација од краткорочна размена на ученици од Креативни читатели Грција
Дисеминација-работилница "Кога комплицираното станува забавно и лесно разбирливо"
Дисеминација од краткорочна размена од Еразмус Креативни Читатели,Druvas Vidusskola, Салдус, Латвиа

Наслов на надворешна обуката/работилницата/конференција
8 Работилница за натпревар по Биологија и Природни науки

Beyond an indiistry: professionalising global TEYL practices - Повеќе од индустрија: професионализирање на пактиките за подучување деца англиски јазик
Е - општество
ELTAM MK 11th International Conference
Онлајн дисеминација од job-shadowing активност во Бариеро, Португалија во училиштето-домаќин Santo André Schools
Teacher's Tales
Активности за поттикнување на демократската клима во училиштето
Аларм за свест-ментално здравје.Како да се справиме со секојдневниот стрес
Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран
Вебинар за професорите и наставниците по географија во основните и средните училишта
Вештини за справување со различности
Виртуелни активности како дел од краткорочни настани за обука на заеднички персонал во рамките на Еразмус+ КА229 проектот „Поинакво образование во училницата во природа“
Градење на учиилишна клима сесија за Развој и воведување на слободни изборни предмети и вонаставни активности
Градење училишна култура
Градиме нови мостови - размислувај надвор од кутијата
Демократија во дигитална ера предизвици на можностите
Денови на психологија на МСУ - едукативни работилници од областа на психологијата
Десиминација од одржаната краткорочна размена на група ученици во рамките на Еразмус+ КА229 проектот „Поинакво образование во училницата во природа“
Детска атлетика
Дислексија - препознавање, стратегии и решенија
Дисхармоничен развој кај децата и основи на психомоторна реедукација
Едуино вебинар: Дизајнерско размислување (design thinking) како наставен метод за ученици од основно и предучилишно образование
Едуино вебинар: Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени

Едуино вебинар: Како да е воведат целите за одржлив равој во наставата-практични примери и активности
Едуино вебинар: Како да се воведат целите за одржлив развој во наставата-практицни примери и активности
Едуино вебинар: Кеативно учење преку игра за предучилишно и основно обраование
Едуино вебинар: Мултидисциплинарна интеграција низ пример од предметот историја и општество
Едуино вебинар: Мултидисциплинарна интеграција низ примери од предметот историја и општество
Едуино вебинар: Оценување за време на хибридна настава-креирање рубрики како дел од формативното оценување
Едуино вебинар: Превенција на осипување на ученици од образовниот процес
Едуино вебинар: Превенција од осипување (drop-out prevention) на ученици од образовниот процес
Едуино вебинар: Превртена училница - концепт,стратегии и потребни ресурси за спроведување
Едуино вебинар: Училишна клима и курикулум - Градење на училишна клима и култура + сесија за развој и воведување на слободни изборни предмети и воннаставни активности
Едуино ИГРАТОН 2021
Едукативен Вебинар за наставниците и професорите по географија
Едукативен Вебинар за наставниците и професорите по географија 2
Зајакнување на капацитетите за превенција и справување со насилство во училиште
Изготвување на личен план за професионален развој за наставници и стручни соработници
Инклузивна училница во пракса
Интегрирање на целите во одделенска настава (холистички пристап)
Интердисциплинарана конференција на-е-општество
Интердисциплинарен пристап во наставата за климатските промени
Искуства и предизвици со онлајн наставата по ФЗО и спорт и спортски активности
Искуствено учење и интеграција на концепти од природните науки, животната средина и климатските промени - обука за одделенски наставници Обучувач д-р Стјуарт Колхаген од Австралија
Како да се изгради силен и одржлив систем за заштита на приватноста
Како да се самотивираме за поздрави навики во Новата година

Како до безбедни училишта
Користење на алатки
Меѓународен ден на лицата со попреченост
Меѓународна конференција на тема:Образованието во време на пандемија
Методика и педагогија на квалитетна настава на далечина
Мултидисплинарна интеграција низ пример од предметот историја и општество
Обука за безбедност и самозаштита при повреда на работно место БЗР
Обука за давање на прва помош на ученици и вработени
Обука за дигитални алатки
Обука за изготвување на личен план за професионален развој на наставници и стручни соработници
Онлајн дисеминација од job-shadowing активност во Бариеро, Португалија во училиштето-домаќин Santo André Schools Group (AESA)
Основен курс за micro:bit
Оценување за време на хибридна настава - креирање рубрики како дел од формативното оценување
Подготовка на училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес според планот и програмата за одржување на настава
Подобрување на дигиталните вештини на наставникот преку учење на нови ИКТ алатки" (Miro и Gather town)
Подобрување на капацитетите на УИТ за поефикасно вклучување на ученици со попреченост во редовниот наставен процес
Поинакво образование во училницата во природа
Поттикнување на учење преку игра и стекнување на социоемоционални вештини кај деца од 3 до 10 години
Проактивни родители - успешни и среќни деца
Работа со родители на деца со посебни потреби
Ран детски развој - од раѓање до тргнување во училиште
Прва помош и заштита
Презентација на новата концепција за основно образование

Придобивки и предизвици од реализација на онлајн наставата во одделенска настава
Работа со родители на деца со посебни потреби
Развивање на иновантивноста преку проектни активности во основното образование
Развој и унапредување на комуникацијата кај деца со аутизам
Религијата во образованието - Зошто е важно?
Се што сакавте да знаете за вештачка интелегенција
Совети и добри практики од работата на психолозите во основните училишта
Социјалните медиуми во училница и превенција на меѓуврсничко насилство
Спорт и административен курс
Спречување и борба против трговија со деца
Тркалезна маса на тема „Младите и медиумите“
Филмска училница
Формативно и сумативно оценување со Microsoft Teams
Вовед во педагошки пристапи кон инклузивно, дигитално и комбинирано учење за сите ученици
Вовед во наставни компетенции со технолошка поддршка на наставата
Како да се воведат целите за одржлив развој во наставата - практични примери и активности
Трета меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки - во организација на природно – математички факултет – Скопје, Друштво на физичари на РМ и Сојуз на математичари на РСМ

Learning from Best Practice
Образованието во време на пандемија
Подобрување на дигиталните вештини на наставникот преку учење на нови ИКТ алатки(Miro I Gather town)
Препознавање на лажни вести
Како да се формираат здрави навики кај учениците
Климатски промени и примери на добри практики
Како да се справиме со хиперактивните и импулсивни ученици
Родители и наставници градиме мостови
Инклузивна училница ,,Од теорија до пракса"
Трета ученичка размена во рамките на Еразмус+ КА229 проектот „Млади новинари денес – одговорни дигитални граѓани утре“

Обука на заеднички персонал во рамките на Еразмус+ КА229 проектот „Поинакво образование во училницата во природа“ .
Втора ученичка размена во рамките на Еразмус+ КА229 проектот „Млади новинари денес – одговорни дигитални граѓани утре“
Прва ученичка размена во рамките на Еразмус+ КА229 проектот „Млади новинари денес – одговорни дигитални граѓани утре“
„Денови на психологијата на МСУ“
„Дислексија - препознавање, стратегии и решенија“
„Ран детски развој - од раѓање до тргнување во училиште“
„Проактивни родители - успешни и среќни деца“
„Како да се справиме со хиперактивните и импулсивни ученици“
„Како да се изгради силен и одржлив систем за заштита на приватноста“
„Пријателски места за аутизам“-Аутизам амбасадори

Обука за дигитални алатки
„Како донесуваме лоши одлуки? Психологија на изборот “
„Типови на личност “
. „Психотерапија и личен развој во кризи “
Дигитална трансформација кон е-општини - Како практично да се премости јазот помеѓу очекувањата на граѓаните и достапните јавни услуги?“
„Воведување на нов модел на процена на деца и млади со попреченост во Р. С. Македонија“
Четврта ученичка размена во рамките на Еразмус+КА229 проектот,,Креативни читатели,,
Обука за училишни инклузивни тимови
Худолиновата метода како современ начин во справување со алкохолизмот

Учество на онлајн предавање „ Inspiracija je u bajkama”
Дисхармоничен развој кај децата и основи на психомоторна реедукација
Развој и унапредување на комуникацијата кај деца со аутизам
Биди ИН,биди инклузивен,биди инклудиран
Slow down education in the nature-Latvija
Предизвици и перспектива во наставата по физичко образование
Методски аспекти на основните елементи од спортските игри во одделенска тандем настава
Пристапи во раното образование и дидактички аспекти во одделенска настава
Доживотно учење
Вештини за успех - Мотива - авторизиран центар за менаџмент образование и обука

Реализирани CTEM активности во рамките на STEM Discovery Campaign
Примена на родова сензитивност во основно образование
Дигитален курс за настава за контроверзни прашања
Спречување и заштита од дискриминација
Реализирани активности во рамки на Stem Discovery Campaign
Моќта на верувањето и верување во моќта за ,, едност" во Универзумот
Автогена психотерапија во функција на антистрес третман
Краткорочна размена на ученици Еразмус+ Креативни читатели Солун, Грција
„Заштита на децата од дигитално насилство и педофилија“

Подготовка на училиштето за реализација на воспитно-образовниот процес според Планот и протоколите за одржување на настава
Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење
Краткорочна обука на наставници во рамките на проектот "Поинакво образование во училницата во природа" во Естонија
Краткорочна обука на наставници во Романија во рамките на проектот "Поинакво образование во природа"
6th Education Today Conference
Turgut Ozal EDUCATION JSC
IATEFL Sig TEYL Web Conference: Beyond learning: Professionalising the global TEYL practices

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/ старателите во животот и работата на училиштето

Учеството на родителите во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето се остваруваше на две нивоа и тоа на ниво на паралелка и на ниво на училиште.

Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се избираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор.
Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.
Преку Советот на родители се вклучени повеќе активности од кои посебно внимание им е посветено на следните:

1. Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
2. Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
3. Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
4. Грижа за здравјето на учениците и создавање оптимални услови за престојот на учениците во училиштето.
5. Грижа за естетскиот изглед на училиштето.
6. Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
7. Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

Во училиштето се организираа редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите се запознаваа со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот.

Во текот на учебната 2021/2022 година се реализирани пет родителски средби според потребите и планот за одржување на родителски средби со цел запознавање на родителите со постигнатиот успех и поведение на ученикот, како и тековни работи поврзани со наставниот процес и други активности поврзани со училиштето.

Родителите се наши први партнери во непречено остварување на воспитно-образовниот процес па активно учествуваат со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, работилници, предавања, хепенинзи, екскурзии и други манифестации**.**

Стручните служби и наставниот кадар се отворени и спремни за соработка со родителите на кое било поле од заеднички интерес.

21.2. Вклученост на родителите/ старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во процесот на учење

Родителите на индивидуалните и на редовните родителски средби се информирани за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваа јасни и конкретни совети и упатства на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Родителите на оние ученици кои имаа три и повеќе слаби оценки, седум и повеќе неоправдани изостаноци, над сто оправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несоодветно однесување согласно со Законот се повикуваа на советување коешто го водеше психологот на училиштето.

Во текот на оваа учебна година преку е-дневникот и СМС пораките родителите во секое време имаа увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи.

Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на одредени професии, струки и занимања, но поради отежнатите околности поради целата ситација со панедмијата со вирусот Ковид-19, сите овие активности ќе бидат реализирани кога ќе се овозможат соодветни услови за спроведување на истите.

Родителите исто така земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието“.

По иницијатива на Советот на родители успешно беше реализирана собирната акција на книги „Подари книга“ за збогатување на библиотечниот фонд на училишната библиотека во којашто активно учество зедоа повеќе издавачки куќи, како и родителите, наставниците и учениците.

На веб-страницата на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

Во донесување одлуки

За донесување на одлуки во училиштето родителите учествуваат во училиштето како претставници на Училишен одбор, и како претставници на Советот на родители. Исто така, многу значајни се за донесување на одлуки и нивни мислења добиени по пат на анкети, прашалници, интервјуа и сл.

Преку редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираа за работата на училиштето и се разгледуваа суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано партиципирање во донесувањето на одлуки.

Во воннаставни активности во училиштето

Родителите имаат активна улога во давање иницијативи и се вклучени во организирање на воннаставните активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскурзии, прослави, приредби, наследни активности во рамките на различни наставни предмети сл. Во првото полугодие од оваа учебна година, почитувајќи ги дадените протоколи и мерки, се организираше хуманитарна акција „Да ја збогатиме божиќната трпеза“ од која собраните средства беа поделини на учениците од семејствата од социјано ранливи категории. Во второто полугодие родителите активно се вклучија во неколку организирани активности: еколошка акција за разубавување на училишниот двор, крводарителска акција под мотото „Кој ќе спаси еден живот, го спасил целиот свет“.

21.3. Едукација на родителите/ старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е двонасочна. Многу често родителите соработуваат со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни,па така се организираат предавања од областа на медицината, стоматологијата, сообраќајот, етиката, културните обичаи и слично. Но, од друга страна и училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП и слично)**.** Подигање и развивање на педагошката култура на родителите ќе се врши преку организирање на стручни презентации, и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето. Во текот на учебната година психологот на училиштето вршеше советување на родителите според Програма за советување. Советодавната работа со родителите (индивидуална и групна) продолжи да се одвива преку вклученост на стручната служба, одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Локална заедница (локална самоуправа,бизнис заедница,месното население)

Целта на соработката на училиштето со локалната заедница е да се анимира и стави во педагошка функција се што може да понуди локалната заедница за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, да влијае на подобрување на културно–образовното ниво кај месното население. Училиштето соработува со локалната самоуправа преку усна, пишана и електронска форма, разни состаноци и трибини.

Институции од областа на културата

Според планирањата на наставниците беа планирани организирани посети на: Музејот на македонската револуционерна борба, драмскиот театар за деца и младинци, Македонска Филхармонија, Македонска опера и балет, природно-научниот музеј, зоолошката градина, театри, кино, музеј на илузии и други знаменитости. Дел од нив се реализираа а дел не поради мерките кои се применуваа поради пандемијата со вирусот КОВИД -19.

Институции од областа на образованието

